АЗА©

АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА
НА АВТОРСКИ И СРОДНИ ПРАВА

# АВТОРСКИ ПРАВА И КОЛЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ СО АВТОРСКИТЕ ПРАВА



# Публикација

# „АВТОРСКИ ПРАВА И КОЛЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ СО АВТОРСКИТЕ ПРАВА“

СКОПЈЕ, 2024

Издавач:
Асоцијација за заштита на авторски и сродни права во аудиовизуелниот сектор
 - АЗАС Скопје

Уредници: Кирил Ѓозев, Александар Арсовски
Дизајн: Цоделии ДОО - Скопје
Соработници: Зоја Таревска Петрушевска, Дамјан Гроздановски

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **АЗАС** | Асоцијација за заштита на авторски и сродни права |
| **ЗАПСП** | Закон за авторското право и сродните права |
| **РС** | Република Северна |
| **ЕУ** | Европска(та) Унија |
| **ОКУ** | Организации за колективно управување /<br>CMO – Collective management organizations |

# Кирил Ѓозев

***Генерален секретар на АЗАС***



*“Нашата држава е една од ретките земји кои ги оставија аудиовизуелните права во стратешки недефинирана рамка и без никаков јасен план за дејствување. Долги години, од самото осамостојување на државата, во полето на филмското и телевизиското творештво нема регулирано управување со авторските и сродните права и покрај тоа што аудиовизуелните дела се користат во најширок размер, на се поголем број уреди. По неколку години напорна работа, организациски промени и отворање на ментални патишта, Асоцијацијата за заштита на авторски и сродни права во аудиовизуелниот сектор – АЗАС Скопје, е на прагот да започне со професионално и посветено реализирање на својата мисија. АЗАС ќе овозможи навремено и правично колектирање на надоместоците за домашните и светските креативци, а воедно и за прв пат ќе се дистрибуираат и финансиските надоместоци на сите носители на права согласно Законската регулатива и Дозволата на АЗАС. На кратко кажано – АЗАС е новиот Амбасадор и двигател на домашната културна сцена.”*

# Вовед

Интернетот и дигиталните комуникациски технологии ни овозможија пристап до скоро бесконечна количина на информации и содржини. Нудат можност и сами да креираме нови дела или да ги обработуваме постоечките и истите да ги пласираме во јавниот и дигитален простор. Поради брзината на размена на содржини и развојот на ремикс културата, корисниците на интернет често не водат сметка дали фотографиите, видеата или текстовите кои ги превземаат или користат се заштитени со авторски права, односно дали и во која мера е ограничено нивното право на користење и преработка. Иако во нашиот правен систем постојат бројни исклучоци кои овозможуваат слободна употреба на авторските дела, понекогаш не е едноставно да се протолкува законот на правилен начин. На креаторите на дела, новинарите, самостојните уметници, научниците и други кои создаваат дела, често им недостасува познавање или ресурси за правничка терминологија од областа на авторските права.

Оваа публикација е наменета за секој што сака да дознае повеќе за слободното користење на авторските и сродни права и последиците од нивно користење во рамки на Законот за авторското право и сродните права во РС Македонија како и во согласност со меѓународните конвенции и ЕУ директивите. Преку анализа на содржината на Законот, подетално ќе се запознаете со концептот и дефинициите за авторските права, разликите меѓу авторското право и сродните права, употребата на авторските дела кои се во јавниот домен, слободното користење без дозвола на авторот, задолжителните надоместоци и формите на организирано управување со авторските и сродните права во аудиовизуелниот сегмент на културата. Подетално, оваа публикација ќе информира и за влијанието на авторското право врз културната продукција и креативните индустрии.

Во ерата на интернет, разбирањето на основните поими од областа на авторските права е нужна потреба и услов за остварување на правата за слободно информирање и слободен пристап кон знаење.

Оваа публикација ќе им послужи и на институциите и менаџерите од културата и креативните индустрии за да имаат поголема правна сигурност кога се засегнати со дигитална трансформација или опкружување или кога создаваат и разменуваат содржини.

РС Македонија се наоѓа пред голем предизвик во стандардите на авторските права во рамки на процесот на приклучување кон Европската Унија. Креативните индустрии и генерално ремикс културата во дигиталната ера се комплексна област која подлежи на значителни промени и отвара многу ризични прашања кои треба да се решат, а сето тоа да биде во рамки на законските регулативи за авторското и сродното право, а и во согласност со ЕУ директивите и меѓународните конвенции.

# Што е асоцијацијата АЗАС?

Асоцијацијата за заштита на авторски и сродни права – АЗАС Скопје, е непрофитна и независна организација за колективно управување на авторските и сродни филмски права на носителите на авторски и сродни филмски права (во понатамошниот текст: носители на права), односно на: филмските автори, филмските продуценти и изведувачи на аудиовизуелни дела во согласност со Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП), Статутот на организацијата и дозволата за колективно управување од Министерство за култура на РС Македонија.

АЗА©
АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ И СРОДНИ ПРАВА

# Зошто АЗАС?

АЗАС е формирана со цел да ги штити интересите на носителите на правата со кои управуваат преку следење на нивното користење во РС Македонија и во странство. Понатаму, ги врши правните работи и односите на носителите на правата со корисниците и ги застапува пред правните органи со цел заштита на авторското право и сродните права. Целите за кои се залага и постои АЗАС се пропишани во Статутот на асоцијацијата, а се однесуваат на правно и административно работење, информирање, склучување на договори, застапување пред државни органи и каде е потребно, прибирање на утврдени надоместоци од корисници и нивна прераспределба на носителите на правата итн. При остварување на овие цели, АЗАС делува транспарентно, отчетно и јавно согласно ЗАПСП и останатите пропишани акти.




*Фото: www.azas.mk*

# Поимник

## Што е автор?

Автор во смисла на ЗАПСП е физичко лице кое создало соодветно авторско дело со што автоматски станува сопственик на авторското право.

## Што е авторско право?

Авторското право претставува збир на правни норми и принципи во една земја и во рамки на нејзиното законодавство ги регулира правата на авторите на делата.

*Може да се каже дека авторското право е автоматско право, а тоа значи дека е заштитено од моментот на создавање без оглед дали е објавено или не.*

Авторското право во РС Македонија потесно и детално е уредено во Законот за авторското право и сродните права. Во поширока смисла е уредено во Уставот на РС Македонија во член 47 и член 55, но е уредено и во други закони:

- Законот за облигационите односи,
- Закон за радиодифузната дејност,
- Законот за културата,
- Кривичниот законик,
- Законот за прекршоците и

други закони и меѓународни конвенции и договори на кои пристапила или ги ратификувала државата.

Авторското право се состои од две компоненти, материјално и морално право на авторите. Исто така, се смета за ексклузивно право, што значи дека само авторот може да дозволи или забрани употреба на неговото дело.

Материјалната компонента на ова право е пренослива, односно може да се пренесе на физичко или правно лице, преку посебен договор, како наследство или некој друг правен основ, додека моралното право на авторот е непреносливо и не може да се одземе од авторот.

*Прашањето за авторските права на селфи фотографијата од макаи мајмунот во Индонезија се дискутирало дури и на суд. Бидејќи макаи мајмунот сам направил селфи, користејќи камера што фотографот само ја прилагодил и дека станува збор за животно кое ужива многу законски права, но не и авторски права - судот заседе став дека мајмунот не може да биде сопственик на правата на селфи фотографијата.*



*Макаи мајмунот во Индонезија*

Авторските права ја заштитуваат интелектуалната сопственост на авторите на различни видови дела, вклучувајќи уметнички, научни, литературни и музички творби. Овие права им даваат на авторите ексклузивна контрола над користењето и распространувањето на

нивните дела. Според авторското право, авторите имаат право да одобрат или да го одбијат користењето на нивните дела од страна на други, како и да им се обезбеди надоместок за тоа. Ова право им овозможува на авторите заштита од нелегална/противзаконска употреба или копирање на нивните дела, што им овозможува да го контролираат нивниот интелектуален креативен напор и да го заштитат нивниот потенцијален финансиски приход во иднина.

## Што се сродни права?

Сродните права ги заштитуваат интересите на изведувачите, издавачите и сите останати учесници во процесот на креирање и распространување на делата. Овие права не се поврзани со вистинскиот автор и ги штитат сите други креатори кои имаат финансиски интереси во делата, како што се филмските и музичките продуценти, изведувачите, издавачките куќи, музички групи и слично. Сродните права им обезбедуваат на овие учесници одредени привилегии и контрола врз употребата и распространувањето на авторските дела, за да се заштитат нивните финансиски интереси и да се овозможи соодветна компензација за нивниот придонес.

### Авторско дело и видови авторски дела

Авторското дело во смисла на ЗАПСП е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма.

Водејќи се од категоризацијата на авторски дела од член 2 став 1 од Бернската конвенција, македонското законодавство ја утврдува категоризацијата која за авторско дело се смета:

- пишано дело (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);
- компјутерска програма, како пишано дело;
- говорно дело (предавање, говор, беседа и други дела од иста природа);
- музичко дело, со или без текст;
- драмско, драмско-музичко, кореографско и пантомимичарско дело;
- фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската;
- аудиовизуелно дело (кинематографско и друго дело изразено со подвижни слики);
- дела на ликовната уметност (слика, цртеж, графика, скулптура и друго);
- дела од архитектурата;
- дела од применетата уметност и дизајнот и
- картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата и науката.

Како авторско дело се смета и преработка на авторско дело, доколку ги исполнува условите определени со ЗАПСП.

> *Авторското дело е духовна креација на човекот, а не креација на природа, животни, компјутерски програми и слично.*

Како авторско дело се смета и збирка на авторски дела, на дела од народното творештво, на податоци или на други материјали, коишто според изборот и распоредот на составните делови претставуваат индивидуална и интелектуална творба, како што се: енциклопедија, антологија, зборник, музичка збирка, збирка на аудиовизуелни дела, збирка на фотографии, мапи, изложба, поставка, збирка на документи и други збирки.

Исто така и базата на податоци е авторско дело. База на податоци е збирка на податоци, доколку е подредена по определен систем или метод, кон чии елементи може да се пристапува индивидуално преку електронски или други средства.

**Аудиовизуелно дело** е кинематографско или друго дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без звук, без оглед на видот на носачот што го содржи.

**Филмско дело**, ЗАПСП на РС Македонија го изедначува филмското дело со аудиовизуелно дело.

**Што се филмски автори?**
Автори на аудиовизуелното дело и филмски автори на придонеси на аудиовизуелното дело.

Филмски автори на аудиовизуелното дело, се писател на сценариото (сценарист), главен режисер, главен снимател (кинематографер), главен цртач (главен аниматор) – доколку анимацијата е суштински елемент на делото, односно филмот, авторот на филмската музика – доколку музиката е суштински елемент на делото, се носители на авторско право.

Филмски автори на придонеси во аудиовизуелните дела, се сценограф, костимограф, монтажер, автор на маски, цртачот и цртачите (аниматор/аниматори – доколку анимацијата не е суштински елемент на делото, односно филмот, авторот на филмската музика – доколку музиката не е суштински елемент на делото), се носители на авторско право само врз своите придонеси кон аудиовизуелното дело.

# Што регулира законот за авторски и сродни права

Со ЗАПСП се уредува правото на авторите над своите авторски дела, правата на уметниците - изведувачите, на филмските продуценти, на радио-телевизиските организации, на издавачите и на изготвувачите на бази на податоци над своите предмети на сродните права, остварувањето и заштитата на авторското право и сродните права и важењето на законот. Овластувања кои произлегуваат од авторското право се:
1. Морални права
2. Материјални права

## Видови авторски права

Моралните права го штитат авторот по однос на неговата лична и духовна (интелектуална) врска со делото. Авторот има исклучиво морално право: да одлучи дали, кога и како ќе биде прв пат објавено неговото дело; на признавање на авторството на своето дело; да одлучи дали при објавувањето на делото ќе се наведе неговото авторство и со каква ознака; да бара при секое користење на делото на вообичаен начин да биде наведено неговото име, псевдоним или друга ознака; на сочувување на целината на делото и да се спротивстави на секакво деформирање, сакатење или менување на неговото дело, односно да се спротивстави на секое користење на делото што може да и наштети на неговата личност, чест и углед; да го измени делото, доколку со тоа не се нарушуваат правата стекнати од други лица и да го откаже правото на носителот на негово материјално право, согласно со закон.

Материјалните права ги штитат имотните/финансиските интереси на авто-

рот од неговото авторско дело. Авторот има исклучиво право да дозволи или забрани користење на неговото дело, или негови примероци од други лица, освен во случаи определени со ЗАПСП. Материјални права се:

1. право на умножување на делото;
2. право на пуштање во промет на делото;
3. право на јавно соопштување на делото и
4. право на преработување на делото.

*Авторот може да пренесе на други лица одделни материјални права, на начин и под услови определени со закон.*

## Времетраење на авторските права

*Земјите членки на ЕУ и САД го прифатиле периодот од 70 години по смртта на авторот или 70 години по смртта на последниот автор во случај на коавторство, како времетраење на заштитата на материјалните и моралните права од авторските дела, а тоа е период што е утврден и во македонскиот ЗАПСП со членовите 55 и 56.*

Обврзувањето на временскиот период од 70 години гарантира баланс помеѓу заштитата на авторите и стимулирањето на креативност, додека истовремено овозможува слободен пристап до делата по истекувањето на авторските права. Моралните права траат во различни рокови.




## Право на надоместок

Со членовите 3 и 39 од ЗАПСП се уредува и правото на надоместок на авторите и носителите на сродните права. Авторот или носителот на сродно право има право на правичен надомест за секое користење на авторското дело или предметот на сродно право, освен ако ова не е определено поинаку со законот. Ова потврдува и обезбедување на финансиска компензација за авторите за користење на нивните дела.

Дополнително, авторите имаат различни дополнителни права, вклучувајќи го правото на пристап и предавање, правото на следство (надоместок од препродажба), правото на надоместок од умножување за приватно користење, правото на надоместок од изнајмување, и правото на надоместок од послуга. Овие права им обезбедуваат на авторите дополнителни механизми за контрола и компензација за различни видови користење и распространување на нивните творби. Во целост, законот ги поддржува правата на авторите и им обезбедува средства за заштита и приходување од нивните креации.

## Исклучоци и ограничувања

Авторско дело може да се користи без дозвола на авторот со или без надоместок, само доколку делото е објавено.

Користењето може да се врши само во посебни случаи, доколку не е во судир со нормалното користење на делото и доколку неразумно не ги повредува легитимните интереси на авторот.



# Авторски права во аудиовизуелните дела

ЗАПСП ги дефинира и авторите на аудиовизуелни дела[1], писателот на сценариото, главниот режисер и главниот сниматели. Во случај кога анимацијата и музиката се суштински елементи на делото, главниот цртач и авторот на музиката се сметаат за автори. Ова правно уредување ги препознава различните творечки придонеси на различните автори во процесот на создавање на аудиовизуелно дело.

Дополнително, во член 91 од законот, договорот за филмска продукција ги уредува односите помеѓу филмскиот продуцент и авторите на аудиовизуелното дело, како и меѓу самите автори. Овој тип на договор предвидува пренос на материјални права од авторите кон филмскиот продуцент. Со склучувањето на договорот, авторите се сметаат дека исклучиво и неограничено ги пренеле на продуцентот сите свои материјални права, вклучително и правата поврзани со превод со титлување или надсинхронизација, освен ако договорот не предвидува други услови.

Со склучување на договорот, авторите и авторите на придонесите го задржуваат правото на правичен надоместок од филмскиот продуцент за секое користење на делото, како и правото на посебно користење на своите придонеси, без да се повредат правата на продуцентот. Филмскиот продуцент е обврзан да доставува годишни извештаи за остварениот приход на авторите. Важно е да се истакне дека авторите не можат да се откажат од правата определени во договорот. Ова уредување ги балансира правата на авторите со обврските и обезбедува финансиска компензација за нивните творби во контекстот на филмската продукција.




*Фото: www.unsplash.com*




*Фото: www.unsplash.com*

---

[1] *Член 89 од ЗАПСП*

# Управување со авторските права

Носителите на авторското право и на сродните права можат да ги остваруваат правата определени со ЗАПСП на следниве начини:

**1** Индивидуално (одделно за секое авторско дело, односно предмет на сродно право),



**2** Лично, односно преку застапник или



**3** Колективно (заедно за повеќе дела или предмети на сродни права и за повеќе носители на правата) преку организација за колективно управување со правата, на начин и под услови определени со законот. Колективно управување вршат организации за колективно управување со авторските и сродните права, тоа се регистрирани правни лица, основани од носителите на правата (физички или правни лица) и работат во свое име, а за сметка на носителите на правата. За работа на организацијата потребна е дозвола од Министерството за култура.[2]



Подолу ќе се задржиме на организациите за колективно управување со авторското право и сродните права, начинот на кои организациите за колективно управување работат и нивното значење.

---

[2] *Правилник за начинот за прибирање и обработка на податоците, образецот на барањето и содржината и начинот на водењето на евиденцијата на автори и носители на сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2014).*

# ОРГАНИЗАЦИИ ЗА КОЛЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ СО АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА, НИВНАТА УЛОГА И ЗАДАЧИ

## Хармонизација со ЕУ регулативи

Колективното управување со авторските и сродните права е пропишано и регулирано во ЗАПСП со цел пропишување на нормативна основа за воспоставување на ефикасен модел за функционирање на системот на колективното управување со авторското право и сродните права усогласен со Директивата 2014/26/ЕС година за колективно управување со авторското право и сродните права и мулти-територијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет, во делот на колективното управување, со Директивата 2011/77/ЕУ за изменување на Директивата 2006/116/ЕУ за времетраењето на заштитата на авторското право и сродните права, во однос на заштитата на коавторите на музички дела со текст, како и на времетраењето на заштитата на изведувачите и фонограмските продуценти на снимени музички изведби, односно фонограми од 50 на 70 години со Директивата 2012/28/ЕУ за дозволено користење на делата сираци, со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директивата 1999/93/ЕЗ (eIDAS) (CELEX бр. 32014R0910), како и усогласување со Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лицата кои се слепи, имаат оштетен вид или на друг начин оневозможени да користат печатени материјали.

Колективното управување е тесно поврзано и со Директивата 2019/790/ЕУ за авторското право и сродните права на единствениот дигитален пазар и изменување и дополнување на Директивите 96/9/ЕЗ и 2001/29/ЕЗ на Европскиот парламент и Совет. Имено, таа е обврзувачка за земјите членки, но и препорака за земјите кандидати со цел подобрување на нивните национални правни регулативи. Спроведувањето на директивата за авторски и сродни права им помага на земјите кандидати да го хармонизираат своето законодавство со стандардите и принципите на ЕУ. Ова е важен чекор за нивното пристапување до ЕУ и за претворање на европските закони и правила во нивните сопствени системи.

Со самото тоа, директивата за авторски и сродни права гарантира чесно третирање и заштита на правата на авторите и изведувачите во дигиталната ера. Примената на оваа директива им помага на земјите кандидати да ги подобрат правата и условите за своите креатори на содржина.

# Цел, улога и задачи

Организациите за колективно управување (или скратено ОКУ-СМО[3]) постојат уште од 18 век. Нивната основна цел е да им овозможат на авторите ефикасен и исплатлив начин за управување со нивните права ширум светот за да се осигураат дека нивните дела се користат во согласност со актуелните закони и прописи. Овој начин на колективно управување успешно функционира во речиси сите ЕУ земји и во САД. Авторите членуваат и се потпираат на ОКУ со цел сигурно да ги водат и развиваат своите професии. ОКУ не само што може да го олеснат разрешувањето на правата и да ја зголемат сигурноста, може да понудат и решение за осигурување фер и адекватни надоместоци на креаторите, со оглед на тоа да можат да помогнат во повторно поставување на рамнотежа во преговарачките позиции на пазарот.

Денес, улогата на ОКУ е повеќестрана, но има неколку клучни функции кои тие ги извршуваат, а се применуваат во земјите членки на ЕУ согласно Директивата 2014/26/ЕУ на Европскиот парламент за колективно управување на авторските и сродните права:

- Застапување на своите членови (носители на правата)[4],
- Лиценцирање на дела и корисници според (во повеќето случаи) стандардизирани и објавени тарифи и услови,
- Наплата на авторски права и нивна распределба на авторите,
- Развој на тарифите и преговарање околу лиценците во име на своите носители на правата[5],
- Развој на механизам за алтернативно решавање на спорови[6],
- Политичко дејствување во корист на ефективна заштита на правата на авторите. Тоа подразбира дејствување во национални или меѓународни тела, без разлика дали се владини или невладини, кои ја претставуваат креативната заедница,
- Социјално и културно промовирање на интересите на авторите и заштита на нивната благосостојба.

Со управувањето со правата на креаторите и со поедноставување на процесот на одобрување на правата за корисниците, ОКУ даваат вреден економски и културен придонес за креативните економии ширум светот. ОКУ играат суштинска улога во намалување на ризикфакторот во бизнисот со авторските права. Исто така, тие имаат важна улога во надоместоците на авторите и изведувачите иако тоа зависи од групата на носители на права и секторите.

*Во пракса, носителите на правата мора да го регистрираат своето дело во Организација за колективно управување (ОКУ), како би управувале со своите права за надоместок.*

Улогата на ОКУ може да биде ограничена на самата наплата и дистрибуција на надоместоците или може да вклучува и преговарање за тарифите како и нивна примена и спроведување на правата.




[3] Collective Management Organisations - CMOs
[4] Член 5 од Директивата 2014/26/ЕУ
[5] Членовите 16 и 18 од Директивата 2014/26/ЕУ
[6] Член 34 од Директивата 2014/26/ЕУ

# Примери на ОКУ од ЕУ:

Во Белгија, Друштвото на драмски автори и композитори SACD[7] управува со правата за надоместок на авторите. На ист начин, во Шпанија, шпанското друштво на автори и изведувачи SGAE [8] (Sociedad General de Autores y Editores), Друштвото на аудиовизуелни автори (режисери и сценаристи) DAMA[9] (Derechos de Autor de Medios Audiovisuales), но и шпанското друштво кое ги штити изведувачите и глумците - AISGE (Artistas Intérpretes, Entidad de Gestion de Derechos de Propiedad Intelectual). Во Италија, Nuovo IMAIE и Artisti 7606 се ОКУ кои имаат дозвола за колективно управување со правата и надоместоците за изведувачите кои тие ги претставуваат. Во Холандија, право за правично распределување на надоместоците вршат правни субјекти кои имаат цел да ги застапуваат интересите на носителите на права.

*Организација за заштита на авторски права на автори, изведувачи и продуценти на аудиовизуелни дела во Словенија - АИПА[10], е организација чија главна цел и активности вклучуваат колективно собирање и заштита на правата на авторите, изведувачите и продуцентите на аудиовизуелни дела.*
*АИПА управува со правата на:*

- *Ко-авторите на аудиовизуелни дела;*
- *Изведувачите, чии изведби се користат во аудиовизуелни дела;*
- *Филмските продуценти.*

*За кои основни права и нивна реализација се грижи АИПА?*
*Од Февруари 2024 АИПА управува со вкупно 21 право, а за додатни нови 4ри е во процедура на стекнување. Ова се дел од правата со кои АИПА управува:*

- *кабелско ре-емитување*
- *приватно копирање*
- *јавно соопштување*
- *јавно прикажување*
- *јавно емитување на видеограми*
- *видео на барање*
- *онлајн споделување*

*Кои се членови во АИПА?*
*Членови на АИПА, се сите кои на некој начин соработувале во креирањето на барем едно аудиовизуелно дело. При тоа, тие можат да учествуваат како:*

- *Автори и ко-автори*
- *Изведувачи*
- *Филмски продуценти*

*АИПА има воведено неколку бази и регистри, меѓу кои:*

- *база на аудиовизуелни дела;*
- *база на корисници и база на членови;*
- *регистар за употребата на аудиовизуелни дела.*

*Тоа се три клучни столбови за секоја колективна организација, бидејќи овозможуваат соодветно и транспарентно делење на собраните надоместоци.*

*АИПА во Словенија претставува одличен пример за организација за заштита на авторски права, на автори, изведувачи и продуценти на аудиовизуелни дела. Со активности како колективно управување и заштита на правата на креаторите, АИПА допринесува за развојот на креативната индустрија во земјата.*

[7] Веб страница на SACD достапна на: https://www.sacd.be/fr/agir/le-comite-belge-de-la-sacd.
[8] Веб страница на SGAE: http://www.sgae.es/.
[9] Веб страница на DAMA: https://www.damautor.es/.
[10] Веб страница на АИПА: https://www.aipa.si

*Лого на SACD, the Society of dramatic authors and composers*

*Лого на NUOVOIMAIE, Nuovo Istituto Mutualistico Artisti Interpreti Esecutori*

*Лого на* SGAE, Sociedad General de Autores y Editores

*Лого на* AIPA, Collecting Society of Authors, Performers and Producers of Audiovisual Works of Slovenia

*Лого на* AISGE, Artistas Intérpretes, Entidad de Gestion de Derechos de Propiedad Intelectual

*Лого на* DAMA, Derechos de Autor de Medios Audiovisuales

За РС Македонија, важно е да се угледа на моделот на АИПА и да воспостави слична пракса имајќи ја предвид големината на пазарот и бројот на корисниците. За тоа е потребно усвојување и усогласување на законодавството, креирање на бази и регистри (аудиовизуелните дела, корисниците и членовите на организацијата, како и регистар за употребата на делата), но секако и промовирање на транспарентност и фер партнерски односи.

# Анализа на состојбата со авторското право и колективното управување во РС Македонија

Законот за авторското право и сродните права од 2010 година беше целосно усогласен со постојното европско законодавство кое ги регулира авторското право и сродните права.

Со измените на Законот од 2013 година, беше воведен електронскиот систем за евидентирање на емитуваните авторски дела односно предмети на сродни права, кој организациите за колективно управување се должни да го обезбедат и инсталираат кај радио-телевизиските организации.
Дозвола за употреба на системот за електронска евиденција дава Министерството за култура врз основа на мислење од Министерството за информатичко општество и администрација.
Системот за електронска евиденција постои и во системите на колективното управување во некои други европски држави, но само во РС Македонија со закон е пропишан како задолжителен. Вообичаено, во практиката на европските држави, системот за електронска евиденција самоиницијативно го воведуваат организациите за колективно управување, а радио-телевизиските организации го имплементираат како алатка која го олеснува процесот на евидентирање на емитувани авторски дела, но истовремено и како прецизен податок кој фактички илустрира кој автор и изведувач колку е емитуван во текот на годината.

Со измените на Законот од 2013 година се пропиша на актот на организацијата за колективно управување за утврдување на висината на надоместоците (Тарифата) согласност да дава Владата на РС Македонија, по претходно мислење на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права.

Со измените на Законот од 2013 година се даде основ надоместокот кои радио-телевизиските организации го плаќаат кон организацијата за колективно управување да се пресметува во номинален износ во зависност од траењето на емитувањето, односно користењето евидентирано во системот за електронска евиденција.
Вообичаена практика во европските држави е надоместокот кој радио-телевизиските организации го плаќаат кон организацијата за колективно управување да се определува како процент на приход.

Со измените на Законот од 2015 година, надоместок на користење не се плаќа кај корисниците, каде што користењето на авторското дело односно предметот на сродните права нема влијание на пријатноста на крајните корисници (консументи, потрошувачи), како простории во кои занаетчиска дејност врши физичко лице-занаетчија, во музеи, галерии, и други простории во кои се врши организирање и јавно изложување на оригинали или примероци на дела од ликовната и применетата уметност, оригинали на книжевни или музички дела и други уметнички предмети, во

одморалишта и планинарски домови, во трговски и други работни погони до 30 м2, во производствени погони, и во превозни средства во јавен линиски превоз на патници и авто-такси превоз на патници.

Генерална оценка е дека измените на Законот за авторското право и сродните права во 2013, 2015 и 2016 година не кореспондираа со европската регулатива и праксата на земјите членки. Спротивно на европските практики, се воведоа одредби кои, по својата природа се неприменливи за воспоставување на функционален и ефикасен систем на колективното остварување на авторското право и сродните права.

Во март 2021 година со помош на Секретаријатот за европски прашања при Владата на РС Македонија и Делегацијата на Европската Унија во РС Македонија се одржа Работилница/експертска мисија на далечина од ТАИЕКС[11] инструментот за обезбедување техничка помош при транспонирање и спроведување на законодавството на Европската Унија. Европскиот експерт Михали Фичор[12], даде позитивно мислење и забелешки по однос на последните измени и дополнувањата на Законот, од аспект на хармонизацијата со погоре наведените прописи на Европската Унија и од аспект на разрешување на одредени отворени прашања во ставовите на сите заинтересирани страни (носители на права и корисници) во овој процес.




---

[11] *ТАИЕКС (TAIEX - Техничка Помош и Размена на Информации) е инструмент на Европската комисија. ТАИЕКС ги поддржува јавните администрации за апроксимацијата, апликацијата и спроведувањето на законодавството на ЕУ, како и олеснување на споделувањето на најдобрите практики на ЕУ. Во голема мера се базира на потребите и обезбедува соодветна персонализирана експертиза за да се адресираат проблеми во кратко време.*

[12] *Член на Унгарскиот совет за авторско право и претседавач на Алијансата за авторско право на Централна и Источна Европа во Унгарија.*

# Примена на фондови од ОКУ

** пишува Кирил Ѓозев*

Првиот закон за авторски и сродни права е донесен во средината на 90-тите години на минатиот век и покрај тоа сè уште имаме бројни сиви зони на полето на колективното извршување. Во суштина, речиси празен лет меѓу сите главни категории - музика, литературни дела, визуелни уметности и аудиовизуелни дела - само организацијата што ги штити авторите на музичките дела работи релативно стабилно и редовно во нашата држава. Повторно има лет во место поради не потврдување на Тарифата од страна на надлежните институции иако АЗАС има дозвола за колективно управување веќе цели 6 (шест) години.

Ваквата состојба е крајно штетна не само за носителите на правата, туку и генерално за културата на земјата. Поради нефункционален систем за колективно извршување, не успеваме да задржиме значителни средства во земјата, кои потоа се влеваат на странски сметки наместо целосно легално да се задржат дома и да се дистрибуираат до локалните креатори преку транспарентни процеси.

Во повеќето случаи, овие фондови во колективните организации на други земји добиваат 5-15% од приходите (до 50%, во зависност од изворите на финансирање). Имено, Франција се истакнува во оваа културна област, а во рамките на Европската Унија, таквата распределба на фондовите е или законска или регулирана со внатрешни акти на колективните организации. Владите на земјите-членки на ЕУ ги поттикнуваат овие фондови бидејќи придонесуваат за зачувување на културната разновидност и подобрување на социјалната положба на носителите на правата.

Овие специјални фондови обично се формираат од два извори на приход:
- Редовни колектирања (за јавна употреба на заштитени дела –телевизиски и радио станици, кафулиња, пабови, сервисни места, кабелски оператори).



- Приватна репродукција – приватно копирање на заштитени дела, како што се празни ДВД-а и ЦД-а, мемориски уреди, мемориски картички, USB-дискови итн.



Во однос на формирањето на средства од редовните наплати, практиките се разликуваат од земја до земја, при што повеќето земји насочуваат 5-15% од годишниот приход од наплатениот надомест во овие фондови. Како што споменавме, некои земји активно ја поттикнуваат оваа практика преку правни мерки.

# Значењето на фондовите од надоместоците за авторските права

Пропишувањето на домашната култура е регулирано со закон, а таму каде што нема закон, актите на внатрешната организација ја регулираат таквата распределба. Во фондовите формирани од компензација за приватна репродукција, уделот посветен од колективните организации варира од земја до земја (од 10 до дури 100%, на пример, во Турција). Разликата е во тоа дали формирањето на фондот е наложено со закон или со внатрешни акти на колективните организации. Сепак, широко установена практика е да постојат такви средства.

Колективните организации во Словенија годишно собираат близу 30 милиони евра приход од колектирање. И пазарот и големината на населението со РС Македонија се исти. Имајќи ги во предвид економските разлики, проценката е дека македонскиот пазар на ОКУ има потенцијал од најмалку 10 милиони евра годишно.

РС Македонија со години ја пропушта можноста да ги формира овие посебни фондови кои несомнено би го поттикнале македонското творештво. И тука не станува збор за мали финансиски средства. Збунувачки е што Министерството за култура, како надлежен надзорен орган, не подготвува и усвојува препораки за управување со таквите средства, доколку смета дека се неопходни. Со своите акции ги попречува колективните организации кои би можеле да го зголемат финансирањето на локалната креативност преку формирање фондови.

И, конечно, зборуваме за суми што можат целосно да продуцираат најмалку два високобуџетни играни филма, да финансираат пет јавни агенции за литература или уметнички галерии или да создадат 2.000 нови песни.

Зошто се лишуваме од ова? Со само малку поголема визија, ситуацијата може да биде поинаква веднаш! Затоа, да им честитаме на сите оние носители на одлуки кои го разбираат системот на колективно управување и неговото значење за македонската култура кои ќе го забрзаат издавањето на дозволите што недостасуваат и тарифните потврди. Меѓународните успеси на македонските творци покажуваат дека тоа одамна го заслуживме. Дополнително, авторите кои работеле на дел од успешните македонски филмови ширум филмските фестивали во 2023г. не можат да си ги валоризираат своите дела бидејќи управувањето со правата во РС Македонија се уште не е регулирано.



# Заклучок

Со неопходните промени и дополнувања на Законот за авторското право и сродните права се постигнува усогласеност со европските закони, што е од суштинско значење за земјите кандидати за членство во Европската Унија (ЕУ). Со овие промени, се се овозможува унапредување на колективното управување со авторското право и сродните права, како и воведување мулти-територијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет. Во истиот контекст, се усогласуваат и дефинициите за колективното управување и организациите за колективно управување на правата.

Со измените кои се потребни да се спроведат во Македонското законодавство освен што се промовираат објективноста, транспарентноста и недискриминацијата, туку и се заштитува во целост правото на авторите и изведувачите. Исто така, се обезбедува пристап до објавени дела за лицата со различни облици на инвалидност. Ова ги засилува капацитетите на земјите да се адаптираат на европските стандарди и да го остварат сопствениот напредок во областа на авторското право и сродните права, што е суштинско за нивното интегрирање и конвергенција со стандардите на Европската Унија.

Дополнително, преку зајакнување на македонските ОКУ и давајќи им одржливо правно и политичко опкружување, а потоа и со формирање специјални фондови за поттикнување на домашната креативност пред плаќањата во странство, РС Македонија, во согласност со сестринските колективни организации во други земји, може да ги задржи средствата, а потоа, преку механизми за поттикнување, да овозможи поврат до 2 милиони евра годишно во локалната културна средина. Со тоа би се обезбедило континуирано создавање на литературни, музички и аудиовизуелни дела.

# Изјави од македонски еминентни креатори

# Игор Алексов Битлс

***Режисер***



*“Филмските автори во другите развиени земји се изненадени што се уште има земји како што е нашава, во кои нема вистински и функционален систем за колективно управување со авторските и сродни филмски права на носителите на овие права. Дотолку повеќе што сега кога веќе зборуваме за глобален пазар, па луѓето кои творат всушност често творат и за глобалниот пазар. Затоа со задоволство го поздравувам досегашниот вложен напор, заложбите и посветеноста на АЗАС во изминативе шест години и давам целосна поддршка за нивната работа и воедно ги охрабрувам надлежните институции да овозможат целосно спроведување на законите во овој сегмент. Македонските автори од аудиовизуелниот сектор заслужуваат да се рамо до рамо со останатите автори ширум светот.”*

# Гораст Цветковски

***Актер***



*“ Во мојата кариера како актер досега не сум примил никаков надомест од колективно управување со моите авторски-сродни права. Верувам дека со препознавањето на АЗАС од страна на државата, оваа аномалија многу брзо ќе се промени, ќе се надмине. Затоа, топло ја поздравувам и поддржувам работата на АЗАС и ги охрабрувам надлежните институции да се охрабрат и го откочат овој важен процес кој ќе овозможи надградба и раст на домашната културна сцена.”*

# Огнен Антов

***Продуцент***

*“ Како продуцент, задоволство ми е да гледам како моите филмови будат аплаузи и емоции кај публиката. Уште поголемо задоволство чувствувам кога гледам дека истите се прикажуваат и надвор од нашите граници. Сепак, за да ја задржам мотивацијата за создавање нови дела и да ја направам филмската уметност професија која може да обезбеди стабилни приходи за покривање на моите трошоци и трошоците на мојата компанија Дрим Фектори, неопходно е колективно управување со авторските и сродни права. Задолжително и неопходно е тело кое ќе ги застапува моите права и ќе преговара со оние што ги користат моите дела, вклучувајќи ги и новите медиуми како дигиталните платформи. Верувам во АЗАС и нивната подготвеност за успешно колективно управување со авторските права во Македонија.”*



# СОДРЖИНА

Листа на кратенки ....................................................................................................4
Вовед ............................................................................................................................5
Што е асоцијацијата АЗАС? ..........................................................................................6
Зошто АЗАС? ...............................................................................................................6
Поимник ........................................................................................................................7
Авторски права во аудиовизуелните дела ..................................................................11
Управување со авторските права ................................................................................12
ОРГАНИЗАЦИИ ЗА КОЛЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ СО АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА, НИВНАТА УЛОГА И ЗАДАЧИ ..........13
Анализа на состојбата со авторското право и колективното управување во РС Македонија ............................................................17
Примена на фондови од ОКУ .....................................................................................19
Заклучок .......................................................................................................................21
Изјави од македонски еминентни креатори ...............................................................22

www.azas.mk
info@azas.mk